ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 03-51/4
25.01. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето во период од 01.07 до 30.09.2020 година

Скопје. јануари 2021 година

Со работењето во третиот квартал од 2020 година НРД евидентираше позитивен финансиски резултат - добивка од редовно работење во износ од 8,003,050,00 денари, како разлика помеѓу реализираните вкупни приходи и расходи.

Во текот на периодот остварен е вкупен приход во износ од 65,324,203.00 денари. Вкупните расходи во истиот период изнесувале 57,321,153,00 денари.

Анализата на условите за работење во третиотиот квартал, остварените приходи, реализираните расходи, основите за настанатите трошоци и на можностите за нивно редуцирање укажуваат на следното:

НРД во анализираниот период од двата основни извори на приходи од кои се финансира работењето евидентирала приход во износ од 65,324,203.00 денари, од кои 89.58% отпаѓаат на приходи од буџет- субвенции за финансирање на радиодифузната дејност.

НРД во третиотиот квартал од 2020 година од истите извори на приходи ( субвенции за финансирање на радиодифузната дејност и закупнини ) реализира приход во рамки на проектираниот приход за годината.

НРД во моментот се соочува со изразен генерален недостиг на инженерски и техничарски кадар, како и на друг кадар во делот на логистиката. Особено недостигот на овој кадар доага до израз во делот на менаџирање со новата опрема во дигитална технологија заради поизразен одлив на носечкиот и искусен стручен кадар со заминување во пензија

## ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во текот на периодот третиот квартал од 2020 година НРД реализира вкупни приходи во висина од 65,324,203.00 денари.
Споредени со проекцијата за 2019 година вкупните приходи се реализирани со 97,44%.
Вкупните приходи потекнуваат од повеќе, различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно прикажани.

## 1/1 ПРИХОД ОД СУБВЕНЦИИ преку МИОА

Во текот на третиотиот квартал од 2020 година НРД евидентира приходи по основ на субвенции за финансирање на радиодифузната дејност во износ од 58,500,000,00 денари. Споредено со планираните приходи на годишно ниво истите се реализирани со 25,00%.

## 1/2 ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ

Од други извори на приходи во текот на третиотиот квартал од 2020 година реализирани се вкупни приходи во износ од 6,585,550,,00 денари, во дел како ликвиден прилив на средства, но во значителен дел како пресметан, фактуриран или евидентиран приход.

По основ на закуп на деловен простор фактуриран е износ 6,585,550,00 денари што е повисоко во споредба со искажаниот податок во истиот период од 2019 година.

НРД во текот на третиотиот квартал од 2020 година по основ на наплатена камата на трансакциската сметка на која се водат денарските депозити во Прокредит банка АД Скопје оствари приход во износ од 238,653,00 денари.

## ВКУПНИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во функција на извршување на севкупните активности на НРД во текот на третиотиот квартал од 2020 година направени се расходи во износ од 57,321,153,00 денари.
Споредени со планираните, расходите во текот на третиотиот квартал од 2020 година се реализирани со 24,99%.

| | Група трошоци | VII–IX 2020 год. | Финансов План | VII–IX 2019 год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Трош. за суровини.материјали.енергија. рез. дел* | 19,78% | *21.60%* | *20.52%* |
| 2 | *Трошоци за услуги од тековни потреби* | 22,38% | *9,38%* | *4.68%* |
| 3 | *Плати и надомести од плата* | 30,69% | *36,17%* | *37.04%* |
| 4 | *Трошоци за амортизација* | 11,42% | *18,60%* | *31.76%* |
| 5 | *Останати трошоци од работењето* | 15,73% | *13,57%* | *5.77%* |
| 6 | *Останати расходи од работењето* | 0,00% | *0,14%* | *0.23%* |
| 7 | *Финансиски расходи* | 0,00% | *0.02%* | *0.00%* |
| | ВКУПНО | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

## 2/1 ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

Анализата на вкупните расходи потврдува дека расходите од групата Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови, се остварени под очекуваната динамика, што е логично со оглед на пандемијата од Ковид 19.

Групата трошоци за суровини, материјали, енергија. резервни делови и ситен инвентар опфаќаше мошне значајна категорија на расходи во извршувањето на дејноста на НРД. Тоа се расходи кои учествуваат во значителен сооднос во вкупните расходи на работењето на НРД. Во анализираниот период од 2020 година реализирани се во износ од 11,330,324,00 денари, за 32,95% повисоко во однос на реализираните во споредбениот период и со 91,51% пониско во однос на проектираните со Годишната Програма за работа и развој за третиотиот квартал од2020 година.

Трошоците за суровини, материјали, енергија, резервни делови ангажираат 19,78% од вкупните расходи.

*401* <u>*Трошоци за материјали*</u> - Вкупната реализација на целата група изнесува 86,705,00 денари. Во однос на планот реализирана е со 34,00%,.

*403* <u>*Трошоци за енергија*</u> ( гориво, електрична енергија и трошоци за затоплување на простор ) - трошокот е во функција на технолошкиот процес и одржувањето

на системите. Вкупниот трошок од 7,649,883,00 денари по овој основ претставува за 9,14% пониска реализација во однос на истата од референтниот период 2019 година потрошена електрична енергија ) и 22,08% реализација во однос на планираното со Ревидираната програма за работа и развој за 2020 година.

<u>*405 Трошоци за резервни двлови и материјали за сервисирање*</u> - по основ на резервни делови и материјали за сервисирање ( електричен и технички материјал и материјали за поправка и одржување ) во текот на третиотиот квартал потрошени се 3.593,736,00 денари. Во однос на реализацијата од 2019 година трошокот е повисок за 3.235,99%, а 33,90% од планираното. Високата реализација во однос на планираното се должи на замена на резервни делови за дефектираните уреди во повеќе РДО .

## 2/2 ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ОД ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ

Групата Трошоци за услуги од тековни потреби опфаќа позиции кои се значајни за обавување на тековните функции на МРД ( транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги на заштита и одржување, наеми, комунални и останати услуги ). Во текот на третиот квартал од 2020 година НРД бележи вкупен трошок на групата од 12,828.478,00 денари. Споредено со проектираните потрошени се 59,65%. Споредено пак со референтниот период реализацијата е повисока за 660,11%. Трошокот за услуги од тековни потреби ангажира 22,38% од вкупните расходи на НРД.

| | План 2020 | Реализација 01.07-30,09.2020 | Структура 2020 | Реализација 01.07-30,09.2019 | Структура 2019 | 2020/2019 | plan/ostvar 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 1.830.000 | 38,033 | 0,29 | 44,409 | 2,29 | 85,64 | 2,08 |
| ПОШТЕНСКИ ТЕЛЕФОНСКИ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ | 1,460,000 | 452.434 | 3,53 | 284,580 | 14,64 | 0,15 | 26,09 |
| НАДВОРЕШНИ УСЛУГИ | 225,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УСЛУГИ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ | 12,880,000 | 11.355.545 | 88,52 | 817,358 | 42,06 | 1389,29 | 88,16 |
| НАЕМНИНИ - ЛИЗИНГ | 2,600,000 | 550.767 | 4,29 | 483,892 | 24,90 | 0,11 | 21,18 |
| КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,720,000 | 360.598 | 2,81 | 217,610 | 11,20 | 0,16 | 20,97 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 790,000 | 71.101 | 0,56 | 95,526 | 4,92 | 0,075 | 9.00 |
| | | | | | | | |
| | 21,505,000 | 12.828.478 | 100.00 | 1,943,375 | 100.00 | | |

<u>410</u> Тр<u>анспортни услуги</u> - трошокот од 38,033,00 денари претставува 44,40% пониска реализација од истата во референтниот период.

411 Поштенски телефонски и интернет услуги се реализирани во вкупен износ од 452,434,00 денари. Трошокот е релизиран за 0,15% повисока во однос на референтниот период.

413. Услуги за заштита и одржување- на позицијата 413 се еоидентираат услугите нз одржување на компјутерите. копир апаратите. телефонската централа софтверските пакети со кои НРД располага, веб страницата, возилата на возниот ларк. поправки на инструменти и уреди, како и услугите за обезбедување на имот. Трошокот од 11,355,545,00 денари претставува повисока реализација од истата во референтниот период за 1389,29%

414 Наем - пизинг - НРД располага со сопствен простор на повеќе локации На дел од локзциите каде нема сопствени објекти зз сместување иа олрема користи простор под наем. Такви се локациите на Водно (Федерација на планинарски спортови на Македонија), Љубаш - Кавадарци ( РА Кавадарци ), Трескавец ( Манастир Св Богородица ) . Коњско ( приватен имот ), Македонска Каменица, Пожар и за истите плаќа соодветен надоместок. Вкупниот износ на наем-закуп и колокација за третиотиот квартал од 2020 година изнесува 550,767,00 денари. Во однос на реализацијата од 2019 година трошокот во 2020 е реализиран за 0,11% повисоко.

415 Комунални услуги - Вкупните комунални услуги се реализирзни во износ од 360,598,00 денари Споредено со референтниот период реализацијата е за 0,16% повисоко.

419 Останати услуги - Вкупниот трошок од 71,101,00 денари претставува реализација повисока за 0,075% 'во однос на референтниот период.

## 2/3 ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци во третиотиот квартал се реализирани во износ од 17,590,136,00 денари Во однос на планираните за 2020 година истите се реализирани со 21,21% додека во однос на референтниот период се повисоки за 14,00%. Целата група ангажира 30,69% од вкупните трошоци на НРД остварени во периодот.

По основ на бруто плати и надоместоци { придонеси и персонален данок ) пресметан е вкупен износ од 17,590,136,00 денари {11,574,125,00 денари нето плата,5,948,031,00 денари персонален данок и придонеси, 67,980,00 надоместоци )

| | основ | Реализација V||-IX.2020 год. | Структура % | Реализација V||-IX 2019 | Сгруктура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Нето плата* | 11,574,125,00 | 66,05 | 10,345,656,00 | 67.45 |
| 2 | *Персонален данок* | 983,121,00 | 5.61 | 773,870,00 | 5.05 |
| 3 | *Придонес за Пенз. инвалидско осиг.* | 3,333,587,00 | 19.02% | 2,822,002,00 | 18.40% |
| 4 | *Придонес за здравство* | 1,329,887,00 | 7.59% | 1,134,947,00 | 7.40% |
| 5 | *Придонес за вработување* | 212,785,00 | 1.21% | 184,212,00 | 1.20% |
| 6 | *Дополнитепен придонес за здравство* | 88,651,00 | 0.51% | 76,702,00 | 0.50% |
| | ВКУПНО | 17,522,156,00 | 100.00% | 15.337.389.00 | 100.00% |

Оптовареноста на платите со даноци и придонеси во текот на третиотиот квартал од 2020 година изнесува 33,88%

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Нето плата* | 11,547,125 | *66,05%* | 10,345,656 | *67.45%* |
| Придонеси и даноци | 5,948,031. | 33,94% | 4,991,733 | 32.54% |

Вкупно пресметаните нето плати во третиотиот квартал од 2020 година изнесуваат 11,574,125,00денари. Во однос на платите пресметани за 2019 година се повисоки за 11,08%.
Просечната месечна нето плата во периодот од 2020 година изнесува 32,075,00 денари, наспроти просечната месечна нето плата пресметана во референтниот период од 2019 година, кога изнесувала 24,284,00 денари. Пресметката се однесува на просечно 120 вработени (142 во 2019 година).

## 2/4 ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА

Пресметаната амортизација на средствата со кои располага НРД за третиотиот квартал од 2020 година изнесува 6,545,985,00 денари. Споредено со планираната за 2020 година пресметаната амортизација ангажира 15,34%.

Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 11,42%.

## 2/5 ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупната вредност на останатите трошоци од работењето во текот на периодот од 2020 година изнесува 9,017,405,00 денари. Споредено со референтниот период од 2019 година оваа група на расходи е повисоко реализирана за 276,23%, додека во однос на планираните за 2020 година реализирани се за 28,98% повисоко.Вкупните останати трошоци од работењето учествуваат во вкупните расходи со 15,73%.

| | план2020 | реализација 7-9/2020 | Структура 2020 | реализација 07-09/2019 | Структура 2019 | реализација 2020/план 2020 | реализација 2020/2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **31,119,900** | **9,017,405** | **100** | **2,389,161** | **100** | **28.98** | **276.23** |
| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НОЌЕВАЊЕ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 2,640,000 | 530,829 | 5.89 | 387,052 | 16,20 | 20.11 | 37.14 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ПОДАРОЦИ | 200,000 | 0 | 0.00 | 0 | 0, | 0 | 0 |
| ТРОШОЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДРУГИ ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 672,400, | 668,880 | 7.42 | 421,194 | 17,63 | 99,48 | 59.25 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 510,000 | 115,944 | 1.29 | 45,077 | 1,89 | 22.73 | 157.21 |
| ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 3,900,000 | 353,563 | 3.92 | 700,670 | 29,33 | 9.07 | -50.46 |
| БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 85,000 | 25,273 | 0.28 | 21,724 | 0.91 | 29.73 | 16.33 |
| ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ЧЛАНАРИНИ И ДР.ДАВАЧКИ | 1,280,000 | 311,160 | 3.45 | 108,450 | 4,54 | 24.31 | 168.10 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО | 21,832,500 | 7,011,756 | 77.86 | 704,994 | 29,51 | 32.12 | 894.58 |
| | **31,119,900** | **9,017,405** | **100** | **2,389,161** | **100** | | |

*<u>440 Дневници за службени патувања ноќевање и патни трошоци</u>* - по основ службени патувања во земјата во текот на третиотиот квартал од 2020 година реализиран е вкупен трошок од 530,829,00 денари, 37.14% повеќе во однос на реализираните во референтниот период и 5,89% во однос на планираните.

*442 Трошоци за надомест и др. примања на членови на управен и надзорен одбор* - во текот на кварталот по основ надоместоци и други примања на членовите на органите на управување и надзор пресметани се на име на месечни паушали и надоместоци вкупно 668,880,00 денари, што изнесува за 59,25% повеќе во однос на истиот период 2019 година односно 7,42% во однос на годишната проекција. Разликата во вкупно исплатените износи се во рамки на планираните.

*444 Трошоци за репрезентација* – трошокот изнесува 115,944,00 денари. Споредено со планираниот трошок реализацијата ангажира 22,73% и се однесува на репрезентација за кабинетот на Директорот.

*445 Трошоци на осигурување* - групата опфака осигурување на превозните средства при регистрација, осигурување на вработените од повреди на товар на средствата на НРД и патничко осигурување, како и осигурување на имотот објектите, фм и процесирачката опрема. Реализиран е трошок од 353,563,00 денари, за каско осигурување на превозните средства, што е за 50,46% пониско во однос на референтниот период. Споредено со планот реализирани се 9,07%.

*446 Банкарски услуги и трошоци на платен поомот* - вкупниот трошок на групата изнесува 25,273,00 денари и е повисок за 16,33% во однос на споредбениот податок од 2019 година, но во рамки на проектираниот..

447 Даноци кои не зависат од резултат членарини и др. трошокот од 311,160,00 денари искажан по овој основ се однесува за такса за улично осветлување и истиот е повисок во однос на референтниот период за 168,10%, но во рамки на проектираниот износ за 2020 година.

*449. Останати трошоци од работењето* - по овој основ потрошени се 7,011,756,00 денари, во однос на планираните реализирани се со 32,12%, . Во однос на реализацијата со референтниот период од 2019 година бележат реализација 894,58% повисоко. Позначајни позиции на кои се однесува

искажаниот трошок се: трошоци за привремени вработувања(86,82% од вкупните други трошоци. Останатите 13,18% отпаѓаат на адвокатски и нотарски услуги, договор за дело, трошоци за стручна литература, весници, списанија.

**2/6 ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

Во третиот квартал од 2020 година не се искажани трошоци на оваа група.

**2/7 ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ**

Севкупните каматни задолжувања за НРД претставуваат оптоварување со трошок од 6,186,00 денари и се последица на задоцнети плаќања на обврските за електрична енергија, топлинска енергија и сл.

**СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ**

На крајот на третиот квартал, ЈП НРД СКОПЈЕ има:

- парични средства во вкупен износ од 131,334,933,00 денари.
- побарувања во износ од 74,926,233,00 денари (со вклучена позајмица дадена на Национални Шуми.
- обврски во износ од 50,358,794,00 денари.

**СОСТОЈБА НА КАДРИТЕ**

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 30,09,2020 година изнесува 120 лица. На почетокот на кварталот бројот на вработени изнесувал 120 лица.

Просечниот број на вработени врз основа на кадровската евиденција за состојбата на бројот на вработените на крајот на месец јуни изнесува 120.

Претпријатието во анализираниот период од овој квартал ги реализира најголемиот дел од планираните тековни активности. Едновремено НРД реализира и низа на зафати во функција на отстранување на дефекти и прекини во преносот на програмите на ЈРП МРТ. кои настануваат непредвидено, но чие отстранување се реализира како приоритетна активност.

Во текот на периодот отпочнати се подготвителните активности за реализација или се во тек на реализација повеќе постапки за јавни набавки. особено во делот на инвестиционото одржување на објекти. инфраструктура и уреди .

Управен одбор на ЈП НРД
Претседател,
М-р Размена Чекиќ- Дуровиќ

Tel: ++ 389 (0)2 3297 100;
Fax: ++ 389 (0)2 3225 520;
Support: 0800 700 70;
Bul: Goce Delcev 18, Skopje, 1000
www.jpmrd.gov.mk